# ПОЗДРАВНИ ГОВОРИ И ПИСМА УПАТЕНИ ДО КОНФЕРЕНЦИЈАТА *ANTIQUITAS VIVA*

Ми претставува особено задоволство да го поздравам[*] отворањето на Меѓународната конференција во чест на 50-годишниот јубилеј на списанието „Жива Антика" и 10-годишнината од смртта на проф. д-р Михаил Петрушевски.

Списанието „Жива Антика" во својата долгогодишна традиција на постоење и тематски обработки од областа на археологијата, историјата на уметност и класичните студии претставува потврда за неговата актуелност. Многу трудови на еминентни професори, стручњаци и проучувачи на старите култури меѓу кои особено сакам да ги истакнам македонските автори, објавени во списанието „Жива Антика" придонесуваат за неговиот меѓународен дигнитет во научните кругови. Ова е уште еден доказ дека науката не познава граници, различни идеологии и политички системи.

Со почит кон делото и заслугите на проф. д-р Михаил Петрушевски ви посакувам успешна работа за време на Конференцијата и уште многу години на списанието „Жива Антика".

*Борис Трајковски,*
Претседател на Р. Македонија

Почитувани дами и господа, учесници на Симпозиумот,

Имам особена чест и задоволство, од името на мојата институција, Филозофскиот факултет при Универзитетот „Свв. Кирил и Методиј" од Скопје, да ве поздравам сите вас кои учествувате на овој научен собир што се одржува во древниот Охрид, лулката на сесловенската култура и писменост, да ви посакам пријатен престој во Р.Македонија, и да ви посакам плодна работа.

Почитувани дами и господа, драги гости,

Големината и значењето на оваа научна конференција се огледа во неколку факти помеѓу кои најзначајни се следните:

[*] Поздравот е упатен со писмо.

- таа се одржува во организација на МАНУ, највисокиот храм на македонската наука, култура и уметност и Филозофскиот факултет, првата високообразовна научноистражувачка и просветителска институција на овие простори кој оваа година ја заокружува својата 8 децениска традиција;

- таа се одржува по повод 50 годишнината од издавањето на едно од нашите најпрестижни теоретски списанија „Жива Антика" кое има меѓународен карактер и кое 5 децении ја збогатува светската наука со сознанијата од една цивилизациска епоха на која им се восхитуваа генерации учени луѓе од целиот свет;

- таа се одржува по повод 10 години од смртта на акад. Михаил Петрушевски, еден од плеадата Професори на Филозофскиот факултет и член на МАНУ, кои едноставно оставија трага во времето и просторот на кој живееја. Но овде сакам да напомнам уште нешто, многу важно за Филозофскиот факултет и Универзитет во целина, а тоа е дека тој почитувајќи ја универзитетската традиција, создава кадри достојни да ги заменат втемелувачите на класичната филологија. Овде пред сè мислам на Академик Петар Илиевски кој е еден од најзаслужните: за високиот континуитет на развој на класичната филологија кај нас, за високата научна стојност на „Жива Антика", за создавање на кадровска база за оваа научна област помеѓу кои е и Проф. д-р Витомир Митевски сегашен уредник на „Жива Антика", но и за подготовките на денешната меѓународна научна конференција што се одржува во Охрид. За сето тоа на Акад. Петар Илиевски му оддавам посебна благодарност;

- таа се одржува во време кога мојата земја Р.Македонија го парафира договорот за стабилизација и асоцијација со што земјите на ЕУ потврдија дека на Балканот се појави нова држава, но држава со древна традиција, историја, култура и цивилизација, која мирот го има како приоритет во остварувањето на своите национални цели.

Мојата држава, дами и господа, има и долга милениумска духовна традиција.

Денешниот наш собир се одржува во годината кога Р. Македонија ја одбележува 2000 годишнината од христијанството и 80 годишнината од непрекинатата високообразовна дејност на Филозофскиот факултет, традиции за почит и восхит.

Денес со сигурност може да се рече дека Р. Македонија е земја која не само што ги поддржува, туку ги поттикнува и забрзува започнатите процеси на глобализација во Европа и пошироко, во што спаѓа и нашата денешна конференција.

Оттука особено ги цениме сите иницијативи на интелектуалци од Балканот и од светот, кои нудат нови видици и пробив кон прогресивниот свет.

Затоа секоја нова мисла, нова насока, нова одредница за промените е добредојдена, корисна и ќе биде прифатена.

Едно е јасно, дека Балканот се отвора, дека промените се реалност, дека сите прогресивни сили бараат начини за ефикасна транзиција според критериумите на универзалните човекови вредности, демократијата, мирот, човековите права и слободи, верските слободи и сл. кои се битни за стабилноста и просперитетот на човештвото.

Поради напред наведеното, чест ми е што нашата институција, заедно со МАНУ, е организатор на овој еминентен меѓународен собир на учени луѓе.

И денешниот симпозиум го сфаќаме како дел од напорите на нашата држава и на нашата наука, да ја промени старата матрица на расудување и ги динамизира напорите за промени и демократизација на цивилизациите како неминовен процес.

Во тој контекст го гледаме и придонесот на овој симпозиум, кој треба да го насочи сиот потенцијал кон оформување на нова свест за ползување на нашето духовно и културно наследство за општ просперитет на сите.

На крајот посакувајќи ви успех во работата, завршувам со желбата, вашите идеи и размислувања да дадат нов импулс за создавање на современи и демократски општества и ќе создадеме милениум со што помалку цивилизациски парадигми.

*Проф.д-р Трајан Гоцевски*
Декан на Филозофскиот факултет - Скопје,
и член на организациониот одбор

Почитуван академик и драг колега Илиевски,

Дозволете ми на овој начин*, во мое име и во име на моето семејство, да Ви се обратам и заблагодарам за вниманието и честа што ни ја укажавте поканувајќи нè да присуствуваме на меѓународниот собир по повод 50-годишниот јубилеј на „Жива Антика“ и одбележувањето на 10-годишнината од смртта на нашиот сопруг и татко, Михаил.

Ние добро знаеме (и живи сведоци сме), колку голем дел од својот работен век тој му го посвети на ова списание. Од почетокот (од неговото основање), тој самиот се ангажираше како прв уредник и понатаму, како редовен соработник, во исто

* Поздравот е упатен со писмо.

време и како педантен лектор и коректор, а во извесни, за списанието неповолни, околности, настапуваше како непоколеблив поборник за неговото опстанување. Затоа и „post mortem“ неговото име останува поврзано со „Жива Антика“, а во нашата семејна библиотека сите томови излезени во текот на овие 50 години заземаат почесно место.

Поздравувајќи го денешниот достоинствен собир на угледни научни работници од повеќе земји, посветени на оваа наша прекрасна и широко разгранета струка, Ви ги упатувам Вам лично сите учесници моите добри желби за натамошна успешна и плодна соработка на списанието „Жива Антика“.

На крајот, изразувајќи ја уште еднаш нашата благодарност, ја искажуваме и нашата желба „Жива Антика“, уште многу децении, да ги одбележува своите јубилеи, а со тоа, се надеваме, да го зачува и споменот на нашиот сакан Михаил.

*Душица Петрушевска*
со семејството